| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Животните наши пријатели |
| **Содржина на денот** | Се на свое место |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Драгана Аневски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на културно хигиенските навики и обврската да се вратат играчките на свое место по завршување на играта. |
| **Активности** | Во собата поставете играчки и застанете до нив заедно со Вашето дете и поведете разговор за нивната местоположба. Вербално објаснете му и покажете му на детето кои предмети се од Вашата лева страна, десна страна и во средина (од Вашата и негова местоположба). (слика 1) Потоа детето само нека повтори, на почетокот сигурно ќе греши, но со повторување на активности од овој тип ќе има напредок.<br>Како предлог активност можете да организирате подвижна игра. За играта потребни ќе ви бидата три кутии, секоја кутија обележете ја со лист во основните бои (црвена, жолта и сина). (слика 2)<br>Со салотејп во боја направете патека и поставете играчки, лево, десно и во средина на патеката. Демонстрирајте му и вербално објаснете му ги правилата на играта. Играчките од левата страна од патеката треба да се стават во жолтата кутија, од десната страна во сината кутија, а од средина во црвената кутија. (слика 3)<br>Кога ќе земе предмет од левата страна потенцирајте да го земе со левата рака, од десната со десната рака, а во средина нека биде негов избор.<br>На овој начин детето стекнува ориентација за простор околу себе и ги утврдува боите истоврмено. |